РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА,
ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE
DEMOGRAFISË DHE RINISË - SHKUP
Бр. / Nr. 09-5643/1
20 год. / viti
26-08-2024

Република Северна Македонија
**Министерство за труд и социјална политика**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Punës dhe Politikës Sociale**

Сектор за пензиско и инвалидско осигурување

Sektori për sigurim invalidor dhe pensional

# ЈАВЕН ПОВИК

за учество во работа на Комисијата за ревизија на наод, оцена и мислење за утврдување на инвалидност, односно неспособност за работа

Министерството за социјална политика, демографија и млади, согласно со член 3 од Правилникот за организацијата, составот и начинот на работа на Комисијата за ревизија на наод, оцена и мислење за утврдување на инвалидност, односно неспособност за работа („Службен весник на Република Македонија" бр. 2/13, 13/16 и 2/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 318/20 и 273/22), (во натамошниот текст: Комисија за ревизија), ги повикува заинтересираните лекари - специјалисти да се јават за учество во работата на Комисијата за ревизија за период од една година.

На овој повик може да се јават истакнати медицински стручни лица коишто работат во здравствени установи и кои имаат најмалку 5 години работно искуство по положен специјалистички испит во следната област:

- специјалист психијатар

Заинтересираните лица за учество во работата на Комисијата за ревизија треба да достават:

- барање за учество во работата на Комисијата за ревизија,
- кратка биографија,
- копија од лиценца за работа,
- потврда за работен однос и
- копија од уверение за положен специјалистички испит, како доказ за работно искуство во областа од најмалку 5 години по специјализацијата.

Барањето заедно со потребната документација се поднесува до Министерството за за социјална политика, демографија и млади, ул: "Даме Груев", бр. 14, 1000 Скопје, во затворен плик со назнака: ЈАВЕН ПОВИК - Комисија за ревизија – НЕ ОТВАРАЈ, најдоцна до 29.08.2024 година.

МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk